*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1542/5*
*23.07.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЈИ.02.02 СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ И В-ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ, НА КП 8306/1, ДЕЛ ОД КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 И КП 8580/2, КО ШТИП-6, ОПШТИНА ШТИП
НАЦРТ-ПЛАН
(ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028)

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени и В-Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, дел од КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип. Просторот дефиниран за изработка на Детален урбанистички план за дел од блок ЈИ 02.02, Општина Штип, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Штип сместен во југоисточниот дел на градот во непосредна близина на река Отиња и браната на р.Отиња.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- на север и на запад планскиот опфат граничи со КП 8572/1
- на исток опфатот е дефиниран со осовината на пристапната улица, на КП 8307;
- на југ опфатот е дефиниран по осовината на сервисната улица "Сутлак".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени и В - Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно - 4645.13 м2, односно 0,46 ха.



Scanned with CamScanner

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени и В-Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, дел од КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип - Плански период 2023-2028 - , ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат

**ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 30 дена и тоа од 7 август 2024 год (среда) и истиот ќе трае до 5 септември 2024 (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 21 август 2024 (среда) во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.**

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner